РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-1230/9
25. 12 2023 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 52 од Законот административни службеници ("Службен весник на Р. М.", бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Р. С. М.", бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Дојран, донесе,

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.01/2023 во Општина Дојран

1.За извршител на работното место,под реден број 1. УПР 01 01 В01 000, Советник за нормативно-правни работи и управување со човечки ресурси -1 (еден) извршител, по интерниот оглас бр. 01/2023, **се избира** кандидатот **Ана Тончева**, вработен во општинската администрација на Општина Дојран, распоредена на работно место, Помлад Соработник за стручни административни работи од областа на сметководството во Одделението за финансиски прашања и наплата на даноци, со звање В4 – помлад соработник.

2.Избраниот кандидат ќе биде распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за распоредување.

3.Оваа одлука ќе се достави до кандидатот и ке биде објавена на интернет страната на Општина Дојран.

***О б р а з л о ж е н и е***

Интерниот оглас бр.01/2023, со архивски број 04-1230/1 од 07.12.2023 година, за унапредување на 2 (двајца) административни службеника во Општина Дојран, за следните работните места:

**1.**УПР 01 01 В01 000, Советник за нормативно-правни работи и управување со човечки ресурси во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси -1 (еден) извршител,

**2.**УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за канцелариско и архивско работење, во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси -1 (еден) извршител, беше објавен на ден 11.12.2023 година на интернет страната на Општина Дојран и на интернет страната на Агенцијата за администрација.

Во благовремен рок, утврден со огласот до општина Дојран, беа доставени вкупно 2(две) пријави. Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр.01/2023, формирана од Градоначалникот на општина Дојран, со Решение Бр.04-1230/6, од 20.12.2023 година, на ден 22.12.2023 година изврши административна селекција на пријавените кандидати и состави записник за административна селекција, бр. 04-1230/7.

По извршената административна селекција, Комисијата на ден 22.12.2023 година спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите, утврдени во интерниот оглас и кои влегоа во втората фаза од постапката. За спроведеното интервју со кандидатите составен е записник бр. 04-1230/8 и Финална ранг листа на интервјуираните кндидати со предлог-одлука за право на избор на прворангираните кандидати.

За работното место под реден бр. 1. УПР 01 01 В01 000, Советник за нормативно-правни работи и управување со човечки ресурси прворангиран кандидат е Ана Тончева, вработен во општинската админстрација на Општина Дојран, распоредена на работно место, Помлад Соработник за стручни административни работи од областа на сметководството во Одделението за финансиски прашања и наплата на даноци, со звање В4 – помлад соработник.

Следствено нанаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Изготвил,Дарко Качаков, Раководител на оддел.
За правни и општи работиЈавни дејности и управув. со човечки ресурси

**Градоначалник**
**на Општина Дојран**
**Анго Ангов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДОЈРАН